Почитуван Претседател на Република Македонија, почитувани екселенции, драги колеги, соработници и пријатели,

Во име на Организацискиот одбор и 29-те членки на Граѓанската платформа на Македонија ви посакувам добредојде на 6 НВО Саем – Форумот на граѓанското општество во Македонија.

НВО Саемот за првпат се одржа во 2001 година. Оттогаш прерасна во традиционален настан, чија цел е зголемена информираност на јавноста и другите актери за активностите на организациите на граѓанското општество. Изминатите НВО Саеми ги посетија околу 40.000 граѓани, како од Скопје така и од другите градови од Република Македонија, а се претставија по околу 200 организации годишно и се одржаа вкупно 243 форумски расправи.

И оваа година ќе имаме можност да се запознаеме со активностите на повеќе организации и да расправаме за повеќе важни општествени прашања. Тема која ќе провејува низ расправите е „Еднакви можности за сите“ со што се вклучуваме во одбележувањето на европската година

за еднакви можности. Ги поканивме и граѓанските организации од Бугарија, која годинава е фокус-земја на НВО Саемот. Се надеваме дека нивното учество ќе ја поттикне прекуграничната соработка меѓу двете соседни земји.

За прв пат годинава Македонскиот центар за меѓународна соработка го организира НВО Саемот како дел од програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија, која е финансирана од Европската Унија преку Европската агенција за реконструкција. НВО Саемот финансиски го поддржаа и Данската црковна помош, Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, како и самите организации-учеснички.

Во следните минути ќе чуеме повеќе за НВО Саемот, за еднаквите можности за сите, за интеграциите во Европската Унија.

Го поканувам извршниот директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка, Сашо Клековски да се обрати.

Споделувањето искуства, информации, знаења е важно за подобрувањето на комуникацијата, соработката и постигнувањето резултати. Оваа година ги споделуваме искуствата не само меѓу нас во нашата земја, туку и со нашиот сосед и фокус-земја на НВО Саемот – Република Бугарија. Ја поканувам госпоѓа Ивона Кожухарова да се обрати од име на Бугарската национална платформа на развојни организации и учесниците од Бугарија на НВО Саемот.

Граѓанското општество во Македонија го поддржуваат повеќе институции. Но институциите ги водат луѓе кои работејќи заедно со нас, стануваат наши пријатели.

Од пред две години се здобивме со уште еден пријател, кој беше со нас на последниот НВО Саем, како и на регионалните саеми кои се одржаа изминатите месеци. Го поканувам амбасадорот Ерван Фуере, специјален претставник на Европската Унија и шеф на Делегацијата на Европската комисија да се обрати.

За патот на Македонија кон подобра иднина е битна домашната поддршка. Довербата на граѓаните во институциите зависи од отвореноста на институциите кон нив. Со традиционалното учество на државните институции, како и со традиционалното учество на претседателот на државата на НВО Саемот се докажува волјата за отвореност и соработка.

Го поканувам претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски.

Почитувани гости и домаќини,

Ве поканувам заеднички да ги погледнеме претставувањата на 130-те организации – учеснички на НВО Саемот, а потоа да ја отвориме расправата за еднаквите можности, за стратешката рамка за антидискриминација, за вклучување на малите малцинства, за етичкиот кодекс на граѓанското општество. Да покажеме иако сме различни – сепак сме еднакви. Повелете!